# Медицинска етика и пракса

Проф.д-р Биљана Јанеска

- Концептот на добра клиничка пракса подразбира дека е подеднакво важна примената на стручните и етичките квалификации во работењето.

- Етиката има клучна улога во работата при донесување на одлуки за начинот на лекување на пациентот

# Теории на моралот

- Теорија базирана на позитивните особини, доблести на човекот,сочуство, интегритет, доверливост, праведност, емпатија
- Утилитаристичка теорија – последиците (или исходот) ја одредуваат моралноста
- Деонтолошка теорија  се базира на чувство на морална должност и правила

# Основни принципи на медицинска етика

- Автономијата на пациентот
  - Информирана согласност, доверливвст, добра комуникација
- Добробит на пациентот
  - Во најдобар интерес на пациентот
- Да не се наштети
  - Примум нон ноцере – проценка на ризикот и бенефитот од третманост и минимизирање на штетните последици
- Праведност
  - Третман базиран на правата, законите и дистрибутивната правда

# Анализа на етичка дилема

- Идентификација на етичката дилема и нејзина формулација
- Обезбедување на потребни информации – медицински, правни, етички, ставовите на пациентот и фамилијата
- Анализа на собраните податоци и прибирање на аргументи
- Формулирање на можните решенија и препораки

# Разрешување на етичка дилема

- Анализата мора да се базира врз четирите етички принципи и теориите на медицинската етиката, за да се формулира проблемот и да се обезбедат вредни аргументи
- Мора да се води сметка и за медицинските факти, правните процедури, човековите права..

- Пацент 65 години стар, боледува од диабет тип 2, кој лошо го контролира. Не ги запазува закажаните контролни прегледи и после 6 месеци се јавува со болки во нозете. Докторот утврдува дека има периферна васкулана болест и дека постојат знаци за гангрена на левата нога. Упатен е на преглед кај васкуларен хирург, кој смета дека треба да се направи ампутација на ногата до колено. Пациентот одбива и се враќа дома.По десет дена повторно е примен во влошена сосстојба , септикемија и коматозен. Докторот ја дискутира состојбата со фамилијата и тие сакаат да се направи ампутација.  Како треба да се постапи?

# дискусија

- Во историјата на болест од првиот прием постои документ со кој пациентот одбива операција. Од друга страна, операцијата ќе му го спаси животот што е и основна заложба на секој доктор – да направи се во интерес на пациентот.

Конфликт на интереси

- право на одлучување и автономија на пациентот
- докторот е должен да работи во интерес на пациентот

# Дилема

- Ако се почитува принципот на автономија на пациентот и неговото право да одлучува за начинот на лекување, пациентот нема да се оперира
- Ако се почитува должноста на лекарот да работи во интерес и за добробит на пациентот, ампутацијата треба да се изврши

# Фамилијата бара операција

- Чија одлука треба да се почитува
- Докторот  е должен примарно да го почитува мислењето на пациентот
- Дури и кога се бара согласност од фамилијата кога пациентот не е способен сам да го даде, одлуката треба да се базира врз претпоставената воља на пациентот.